Уп. Бр. 08-20

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **БОРЕАЛИС АГ** со седиште на Трабрен 6-8, 1020 Виена, Австрија, преку адвокат Андреа Лазаревска, од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која **БОРЕАЛИС АГ** со седиште на Трабрен 6-8, 1020 Виена, Австрија има намера да стекне директна единствена контрола врз **ИНТЕГРА ПЛАСТИКС АД,** со седиште на ул. Асен Јорданов бр. 60, Округ Лозентс, Софија 1407, Бугарија, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 14.12.2023 година, а дополнето на 20.12.2023 годинадо Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **БОРЕАЛИС АГ** со седиште на Трабрен 6-8, 1020 Виена, Австрија со која **БОРЕАЛИС АГ**, има намера да стекне директна единствена контрола врз **ИНТЕГРА ПЛАСТИКС АД,** со седиште на ул. Асен Јорданов бр. 60, Округ Лозентс, Софија 1407, Бугарија, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**БОРЕАЛИС АГ** е јавно друштво со ограничена одговорност кое работи во над 120 земји и вработува околу 6.000 лица.

Бореалис АГ е еден од водечките светски снабдувачи на напредни и одржливи полиолефински раствори и нивните комерцијални активности се насочени околу производството и дистрибуцијата на напредни и циркуларни полиолефински раствори и базни хемикалии.

Во Европа, Бореалис АГ е исто така иновативен лидер во рециклирањето полиолефини и главен производител на базни хемикалии.Бореалис АГ на крајно контролирано од ОМВ, ОМВ е јавно друштво со ограничена одговорност основано според законите на Австрија, кое е јавно котирано на австриската берза.

Групацијата ОМВ е меѓународна интегрирана групација за нафта, гас и хемикалии активна ширум светот во следните три деловни сегменти кои го покриваат синџирот на вредност на јаглеводородите.

ОМВ нема зависни друштва или подружници во Северна Македонија. Групацијата ОМВ/групацијата Бореалис остварила промет во Северна Македонија преку продажба на полиолефини (т.е. полипропилен и полиетилен) и полиетиленски соединенија.

**ИНТЕГРА ПЛАСТИКС АД** е бугарско друштво главно активно на полето на рециклирање полиолефини и специјализирано за производство на полиетилен со мала густина.

Интегра Пластикс не е активно во Северна Македонија, ниту има претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**